Бр. 03/2022/2/334
26.04.2022 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURES
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / E pranuar: 29 04 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 03 - | 85 | | |

26.04.2022 година, Скопје

До

**Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион**

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со Записникот од 12-та седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, одржана на 01.04.2022 година. Истиот беше усвоен на 13-та седница на Комисијата одржана на 15.04.2022 година, а на која земавме учество преку наши претставници.

Имајќи го предвид наведеното, а врз основа на член 4 од Архуската Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99), член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.М. бр.101/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да ни доставите:

- **Копија од Записникот од 12-та седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион;**

Ве молиме бараните информации да ни ги доставите во <u>писмена или електронска форма</u> на следниве адреси:

**Со почит,**

СКОПЈЕ

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20__ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-85
05.05 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на , УП1 бр. 03-85 од 29.04.2022 година, заменикот министерот за култура, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од страна на , заведено под број УП1 бр. 03-85 од 29.04.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

„Копиија од Записникот од 12-та седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион".

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена во писмена или електронска форма.

Министерството за култура на електронската адреса во прилог на ова Решение доставува:

„Копиија од Записникот од 12-та седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под број УП1 бр. 03-85 од 29.04.2022 година, со кое ја побара следната информација во електронска форма да се достави на електронска адреса:

„Копиија од Записникот од 12-та седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион".

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и **на Барателот на информацијата му ја даде** бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-85.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**
**Daim Luçi**

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

21.04.2022

08 - 4879

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 08-4879/2
21.04 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

# ЗАПИСНИК

## 12-та седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА Р.С.М. - СКОПЈЕ

01 април 2022 год.

## ЗАПИСНИК

Дванаесетта седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (01.04.2022, во 11:00 часот)

**Присутни членови на Комисијата:** Зоран Павлов, Илбер Мирта, Христијан Ѓоргиевски, Анета Таневска, Даниел Ристески, Ана Снегар Стојкоска, Натмир Неџипи, Христина Оџаклиевска, Крсте Блажески, Емилија Митева, Антонио Јакимовски, Фатлум Баута, Андон Бојаџи, Сашо Трајановски, Светлана Наумоска, Валентина Славевска Стаменковиќ и Мишко Тутковски.

**Отсутни членови на Комисијата:** Хазир Положани, Васко Стојов, Ана Петровска, Мемет Селмани, Самет Ајдари, и г. Тимотеј - Митрополит на Дебарско - кичевска епархија;

**На седницата присуствуваа и:**

*Стручен тим на Министерството за култура*:
Емилија Апостолова Чаловска,
Фросина Зафировска,

Живко Спасески - *претставник од Министерството за транспорт и врски*

Весна Илиевска, Ивана Дамовска, Давча Спасова и Маријана Ристевска– *Министерство за култура*

*Поради состојбата со COVID 19 и мерките пропишани од страна на Владата на Република Северна Македонија, а ценејќи ја итноста и важноста на одредени предмети пристигнати до Комисијата за управување со природното и културното наследство, Комисијата својата 8 седница ја одржа со видео конференција преку платформата WEBEX, а следејќи ги препораките и мерките за претпазливост, членовите на Комисијата се согласија и наредните седници да ги одржат на овој начин до создавање на соодветни услови за нормално функционирање на Комисијата.*

### ДНЕВЕН РЕД

Усвојување на Записникот бр.11

1. Барање мислење по однос на Информација за потребата од прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III-споменик на природа (**35-3213/1 од 17.03.2022**);
2. Барање мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалаци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и др. на КП 1063/14, 1063/15, 1063/16, 1063/17, 1063/18, 1063/19, 1063/20, 1063/21, 1063/22, 1063/23, 1063/24, 1063/25, 1063/26, 1063/27, 1063/28, 1063/29 и дел од КП 1063/1 КО Мороишта, општина Струга (**68-1876/1 од 15.02.2022**);

3. Барање мислење за ЛУПДза ГП 1 наменета за изградба на викенд куќа – намена А4, на КП 2007, КО Мислешево вон град општина Струга (**68-2016/1 од 17.02.2022**);
4. Барање мислење за ЛУПД за ГП бр. 1 на КП 2751/4, 2751/5, 2751/6, 2752/1, 2752/2, 2752/4, 2753/1, 2753/3, 2754/1, 2754/2 2756/5 и 2756/7 во КО Конско, општина Охрид (**68-2092/1 од 21.01.2022**);
5. Барање мислење за ДУП за УЗ 8, дел од УБ 8.1, опфат 1, општина Охрид (**68-2763/1 од 09.03.2022**);
6. Барање мислење за ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1 опфат 3, КО Велестово, Охрид (**68-2761/1 од 09.03.2022, 68-2967/1 од 11.03.2022**);Одговор на мислење од Комисијата од страна на изработувачот на ДУП; Одговор на стручно мислење со забелешки од Комисијата од страна на општина Охрид (**68-2980/1 од 11.03.2022**);
7. Барање Мислење за издавање на заштитно-конзерваторски услови за конзерваторско-реставраторски работи на фасаади и кров на ул 7-ми Ноември бр. 29 и 31, КП 11098 и 11099, КО Охрид 2 (**/**);
8. Барање мислење за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид (**68-3198/1 од 11.03.2022**);
9. Барање мислење за Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид (**68-3198/1 од 11.03.2022**);
10. Барање мислење за Стратегија за рурален развој на општина Охрид 2022-2027 (**68-3198/1 од 11.03.2022**);
11. Барање мислење за Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Стратегија за рурален развој на општина Охрид (2022-2027) (**68-3198/1 од 11.03.2022**);
12. Разно

На седницата присуствуваа 17 членови на Комисијата.

Пред почетокот на седницата претседателот предложи точите за разгледување на Стратегиите за туризам и рурален развој поради обемноста да бидат тргнати од дневниот ред и да се разгледуваат на наредна седница. Предлогот беше едногласно усвоен.

**ТОЧКА 1:** *Барање мислење по однос на Информација за потребата од прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје во категорија III - споменик на природа (**68-3213/1 од 17.03.2022**);*

Беше предложено роковите за доставување да постават и рок за извршување. Исто така беше посочено дека Хидробиолошкиот институт одржал состанок за Иницијативата и ја поздравуваат со надеж дека наскоро ќе има одлука по истата. На 30 јуни ќе биде одржана јавна расправа и засегнатите страни ќе можат да се вклучат со забелешки во однос на писмениот извештај кој ќе биде доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање. Она што Хидробиолошкиот институт забележа е технички недоследности – станува збор за делот кој се однесува на ендемизмот на Езерото.

Претседателот посочи дека на оваа Седница не прават анализа на доставениот материјал од Министерството туку ги разгледуваат Заклучоците донесени на Влада во кои се задолжува Министерство за култура да ја продолжи постапката за заштита. Она што е важно е дека сите се согласни со постапката и даваат поддршка на оваа Иницијатива.

Охридското Езеро е заштитено од 70тите години, па од таму целата постапка треба да ја поддржат сите засегнати страни. Од искуството беше даден предлог да се назначи Институција која директно ќе биде задолжена за заштитата, зошто праксата вели дека само така ќе бидат спроведени правилата.

**Предлог заклучок**: Комисијата едногласна, сите се согласни за потребата од прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје во категорија III- споменик на природа.

**ТОЧКА 2:** *Барање мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 – лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и друго на КП 1063/14, КП 1063/15, КП 1063/16, КП 1063/17, КП 1063/18, КП 1063/19, КП 1063/20, КП 1063/21, КП 1063/22, КП 1063/23, КП 1063/24, КП 1063/25, КП 1063/26, КП 1063/27, КП 1063/28, КП 1063/29, и дел од КП 1063/1, КО Мороишта, Општина Струга* ***(68-1876/1 од 15.02.2022);***

Претседателот посочи дека во однос на ова барање писмени коментари беа доставени од Сашо Трајановски, Ана Снегар Стојкоска како и од Стручниот тим на Министерството за култура.

На дискусијата се вклучи Натмир Неџипи кој се согласи со забелешките кои писмено беа доставени. Напомена дека Зоната е индустриска и веројатно затоа Инвеститорот сакал да инвестира но треба да ги земе во предвид забелешките од Комисијата и Стручниот тим за да може да преземе понатамошни активности.

Затоа, Претседателот предложи предметот односно урбанистичкиот проект да се врати и да се надополни со укажаните забелешки. По вградување на забелешките истиот повторно да биде доставен до Комисија за управување.

**Предлог заклучок**: На гласањето Комисијата едногласна предметот односно урбанистичкиот проект да биде вратен со забелешките кои беа наведени.

**ТОЧКА 3:** *Барање мислење за ЛУПД за ГП1 наменета за изградба на викенд куќа – намена А4,* ***(68-2016/1 од 17.02.2022);***

Претседателот посочи дека овој предмет неколку пати е разгледуван односно на 3-та, 8-ма и 13-та Седница од стариот состав на Комисијата и на сите три е вратен за доработка со укажувања. Се работи за атрактивна локација околу „Евротел". Писмено мислење доставиле Сашо Трајановски, Ана Снегар Стојкоска и Стручниот тим на Министерството за култура.

На дискусијата се вклучи Анета Таневска која го поддржа мислењето на Стручниот тим кое е обемно и темелно и кое не дава можност за доработка.

Емилија Апостолова Чаловска напомена дека опфатиле се во мислењето кое го доставиле на писмено и факт е дека на оваа локација нема потреба од урбанизација бидејќи е надвор од населено место, надвор е од ГУП на општина Струга. Затоа сметаат дека треба да се сопре постапката и да се даде конечно негативно мислење.

Крсте Блажески смета дека треба да се даде можност повторно да се разгледа овој предмет бидејќи гледајќи ја картата на Општината, градот се ширел и тоа не зависело од Комисијата.

Претседателот се согласи дека точно е, не зависи од Комисијата но има значајни показатели зошто не треба да се гради а тоа е дека се работи за земјоделски реон кој не треба да се урбанизира, потоа треба да се земат во предвид и препораките од советодавните и реактивните мониторинг мисии (2017 и 2020 година) и одлуките на Комитетот за светското наследство на УНЕСКО - кои никако не треба да се игнорираат. Треба да се почитуваат одредени правила особено на тоа Струшко поле кое е заштитено.

Натмир Неципи посочи дека до 2013 година околу овој простор се изградени објекти согласно Урбанистички план.

Емилија Апостолова Чаловска надополни дека дополнително нема сообраќајно решение како да се стигне до објектот, потоа 35кв надземен далекувод кој ја сече целата локација треба да се дислоцира за да се градат објекти, а до 2013 година доколку постоел ДУП тој веќе не е актуелен. Истовремено, тогаш не постоел План за управување. Треба да се размисли која е целта за доработка на предмети кои не треба да се усвојат, затоа Стручниот тим смета дека треба да се даде негативно мислење.

Христина Оџаклиевска смета дека Комисијата треба да има конзистентен став. Мора да се земе во предвид дека имаме обврска кон Унеско да доставиме извештај, затоа треба внимателно да се разгледуваат предметите и предметот треба да се врати.

Ана Снегар Стојкоска забележа дека овој предмет во однос на Законот за просторно и урбанистичко планирање е комплетен но не ги исполнува сите услови во однос на Планот за управување. Затоа треба да се размисли дали да се достави предметот за доработка или да се даде негативно мислење.

**Предлог заклучок**: Комисијата за управување за овој предмет дава негативно мислење бидејќи истиот е во спротивност со одредбите на Планот со светското природно и културно наследство на Охридскиор регион, препораките од советодавните и реактивните мониторинг мисии (2017 и 2020 година) и одлуките на Комитетот за светското наследство на УНЕСКО.

**ТОЧКА 4**: *Барање мислење кон ЛУПД за ГП1 со намена А4 – временско сместување на КП 2751/4, КП 2751/5, КП 2751/6, КП 2752/1, КП 2752/2, КП 2752/4, КП 2753/1, КП 2753/3, КП 2754/1, КП 2754/2, КП 2756/5 И КП 2756/7 КО Коњско, Општина Охрид* ***(68-2092/1 од 17.02.2022);***

Писмено мислење доставиле Сашо Трајановски, Стручниот тим на Министерството за култура.

Се работи за регион со неколку хотелски комплекси меѓу кои и Хотел „Лаки".

Андон Бојаџи вели дека веќе пристигнало барање за Рамне, па урбанистите добиле задача да изработат предлог проект за целата област, за поголема површина, не само за неколку објекти. Имајќи го ова во предвид Установата побарала средба со Министерство за животна средина. Законот вели дека секој инвеститор треба да се обрати до Установата

со барање за изградба. Во законската регулатива до сега во многу мал дел е опфатена заштитата на животната средина. Тој е поддржувач на пристап кој е комплексен, кој ќе ги анализира сите аспекти но во целина, а не земајќи предмет по предмет.

Илбер Мирта посочи дека Министерството за животна средина до сега има изразено мислење од аспект на животна средина па овој дел нема поголеми проблеми но треба да се земе во предвид мислењето на Андон како и елементите кој ги посочува Стручниот тим како што се катноста, во тој реон се опфатени неколку археолошки локалитети, па предлага овој предмет да се врати на доработка.

**Предлог заклучок**: Комисијата гласаше „за", освен Ана Снегар Стојкоска која беше изземена од гласање, предметниот ЛУПД треба да се врати на доработка, со цел да се постапи по горенаведените забелешки.

**ТОЧКА 5**: *Барање мислење за ДУП за УЗ 8, дел од УБ 8.1, опфат 1, општина Охрид **( 68-2763/1 од 09.03.2022);***

Претседателот наведе дека станува збор за предмет вратен на 4-та и 5-та Седница. Дадени се коментари до сега и во однос на тоа Стручниот тим на писмено се изјасни со неколку забелешки. Во однос на коментарите Стручниот тим наведува дека оваа локација е единственото парче во градот Охрид кое не треба да се оптеретува со градба.

По делот од забелешките е постапено а за останатите забелешки планерот дава образложение во Одговорот.

Во дискусијата се вклучи Ана Снегар Стојкоска која посочи дека видно е дека делот од забелешките се прифатени, значително е намален објектот кој се наоѓа пред Архивот кој е задржан во постојна состојба, во постојна состојба задржан е и објектот на ГП 8.1.2, а намалена е површината за градба на музичкото училиште и катноста на П+1.

Емилија Апостолова Чаловска истакна дека Стручниот тим останува на забелешките кои ги доставиле писмено.

**Предлог заклучок**: Комисијата останува на став дека треба да изрази задоволство дека планерот направил корекции и прифатил одредени забелешки, но сметаат дека предметниот ДУП треба да се врати на доработка за да се корегираат и останатите посочени забелешки. Сите членови гласаа „за".

**ТОЧКА 6**: *Барање мислење за ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1, опфат 3, КО Велестово, Охрид **(68-2761/1 од 09.03.2022 година, 68-2967/2 од 11.03.2022);** Одговор на мислење од Комисијата од страна на изработувачот на ДУП; Одговор на стручно мислење со забелешки од Комисијата од страна на општина Охрид **( 68-2980/1 од 11.03.2022);***

Претседателот истакна дека овј предмет е вратен за доработка до сега на 3-та,5-та,8-ма,10-та,13-та Седница во стар состав и 4-та Седница нов состав на Комисијата.

Писмено мислење доставиле Ана Снегар Стојкоска и Стручниот тим на Министерството за култура.

Ана Снегар Стојкоска Предметниот простор на ДУП е офатен со ГУП на град Охрид, кој бил започнат да се работи 2002 а е донесен во 2006 год. Меѓутоа до донесување на нов ГУП

во важност е постојниот од 2006 год.. Намената согласно ГУП е домување, а таа намена е превземена и во конкретниот ДУП и тоа домување во семејни куќи. Од таа причина не може да се каже дека урбанизацијата е непланска, кога истата е поткрепена со ГУП. Непландски може да се каже дека се објектите кои се постојни на предметниот опфат. Постојните објекти кои се инвентаризирани на графичкиот прилог Инвентаризација се диво градби кои согласно Законот за легализација добиле или се во фаза на добивање на статус на легален објект. Ова е потврдено и во Одговорот од планерот како и во Одговорот од општината. Единствено решение за стопирање на диво изградени објекти, кои се можеби без статика, не соодветен изглед, невклопување во амбиентот и средината итн, објекти за кои нема предвидена и изградена инфраструктура, единствено решение е урбанизацијата. Секако тоа би била урбанизација која е усогласена со Планот за управување со светското природно и културно наследство,, Планот за управување со НП Галичица и тн.

Не може да се каже дека предвидените површини за градба имаат неприфатливи димензии кога процентот на изграденост е во рамки на III в зона, а вкупниот процент изнесува 20.9%, а коефициентот 0.62. Планирана е катност од П+2 а даден е услов дека се дозволени само три спратни висини, без разлика на падот на теренот. Прифатена е забелешката од Комисијата и неколкуте парцели кои имаат поголеми површини за градба се поделени на повеќе помали.

Сакам да објаснам и за забелешката дека има неусогласеност меѓу графичкиот и текстуалниот дел, во планската документација 2 објекти се наведени како постојни бидејќи ги задоволуваат максималните параметри, а останатите со самото формирање на градежните парцели, објектите добиле услови за развој.

Законски не постои можност за целосно и трајно напуштање на донесувањето на ДУП, бидејќи истиот е со комплетна документација согласно законите кои ја опфаќаат областа на урбанистичкото планирање.

Тој појас станува најатрактивно место во Охрид, во кои се градат големи ексклузивни вили.

Националната Установа – Парк Галичица – За жал до сега не се разработени пределските и пејзажните вредности па не можат да дадат мислење или согласност согласно Законот. Во моментов сите кои се обраќаат до Установата се однесува само во однос на биолошките процеси на растенијата, согласно Закон за заштита на природата и Планот за зачувување. Се надеваат дека наскоро ќе добијат насоки за функционирање во иднина.

Во однос на овој предел се работи за Викенд населба но често се работи и за високи градби, несоодветни на пределот.

Емилија Апостолова Чаловска посочи дека имаат опсежно писмено мислење но сепак сака да истакне дека има многу лоша архитектура која ужасно го нарушува целиот амбиент. Прашање е колку урбанизацијата ќе го реши проблемот. Не се работи само објекти за индивидуално домување туку и за објекти за колективно живеење. Прашањето е многу опсежно на пример како тоа ќе се рефлектира на Билјанини извори. Како што е предвиден планот смета дека треба да се добие негативен одговор, или да се намали висината на објектите, зошто вака би добиле впечаток дека се работи за еден ѕид од

објекти кој ќе се гледа од брдото и влијанието на 120 објекти не треба да се занемари. Бројот на објекти треба да се намали и по површина и по висина.

Комисијата разговараше дали тие можат да сугерираат во однос на визуелниот изглед, боја на кров, зеленило, како што тоа се прави во останатите земји во Европа.

Претседателот смета дека во донесување на конечни одлуки најголем проблем имаат со Институциите, кои даваат врзани раце па Комисијата добива улога на „лошите". Па затоа сакаше да го прочита мислењето од Завод и Музеј, Охрид како Институција која треба да даде конкретно мислење и показатели.

Живко смета дека треба да се урбанизираат објектите затоа што коефициентот на градба е 1% помалку од дозволеното, па немало потреба да се „кочат" работите бидејќи условите се исполнети. Законот за урбанистичко планирање е исполнет и не се работи за објекти за колективно домување. Тој нема право на глас но сепак сакаше да го изразе своето мислење.

Анета Таневска беше изненадена од ставот на Завод и Музеј, Охрид. Затоа таа го поддржува Стручниот тим. Треба да се размисли во каква насока треба да се движи но согласно стручен и издржан став од Институција како што е Завод и Музеј, Охрид. Просторот треба да се контролира на здрава база и основа. Првиот збор за овој проблем треба да го изрази Завод и Музеј, Охрид па потоа тие би можеле да делуваат и потоа сите да постапат во рамките на своите ингеренции.

Претседателот истакна дека за овој предмет има два аспекта еден е дека е предвидена урбанизација, постои ГУП а другиот дека ќе се наруши визурата. Доколку не се урбанизира ова ќе биде место на кое ќе се гради, не навлага во проблематиката на Инспекциски надзор, постојат аспекти и за едната и другата страна.

Христијан Ѓоргиевски се согласи со Претседателот и предложи да се создаде работна група од Комисијата заедно со Стручниот тим и да се даде предлог решение со цел да се постави позитивен пример. Да се постави опција која за сите ќе биде прифатлива, да се спречи „дивото" градење а да се запазат правилата и Законите.

Претседателот се согласи со предлогот на Христијан Ѓоргиевски, бидејќи така може да се дефинира крајното мислење и да се усогласат ставовите земајќи ги во предвид сите аргументи и Законски правила. Затоа предложи да се произнесат членовите за мислење за формирање работна група.

Емилија Апостолова Чаловска побара од планерот да изработи 3D визуелизација за да може детално да се разговара.

Претседателот истакна дека не е сигурен дека тоа може да се реализира. Предлогот за работната група е следен: Ана Снегар Стојкоска, Андон Бојаџи, Мишко Тутковски, претставник од Стручниот тим и Илбер Мирта и Сашо Трајановски.

Илбер Мирта не сака да го кочи процесот затоа се изјасни дека во следните две недели нема да биде присутен и нема да може да учествува.

Емилија Апостолова Чаловска предложи и Анета Таневска да се вклучи во тимот како архитект.

Анета Таневска смета дека Завод и Музеј, Охрид ги знае проблемите, го знаат теренот и треба да издадат конкретен став.

Предложените членовите од страна на Претседателот се согласуваат да се формира таква работна група. Останатите членови остануваат отворени за консултации во однос на овој предмет.

**Предлог заклучок:** Се констатира дека предметот останува отворен. Претседателот е на располагање за координација во однос на организирање на состанок на работната група. Во следните денови да се одлучи каде ќе се одржи состанокот.

**ТОЧКА 7:** *Барање мислење за издавање на заштитно-конзерваторски услови за конзерваторско-реставраторски работи на фасади и кров на ул 7-ми Ноември бр.29 и 31, КП 11098 и 11099, КО Охрид* ***(68-4303/1 од 21.03.2022 година);***

По овој предмет писмено го изразиле мислењето Стручниот тим. Факт е дека треба да се направи анализа на постоечката состојба и да се даде предлог што би било предмет на конзерваторски работи.

Најпрво, пред да се изработи проектот треба да се издадат услови според кои ќе се работи проектот.

Претседателот даде предлог на Завод и Музеј, Охрид да и се укаже дека во проектот треба да бидат содржани неколку важни услови во конзерваторско-реставраторски работи на фасади и кров и да се земе во предвид санација, превентивна заштита, реконструкција на кровот, материјалите како форма и структура, големина, волумен, прозорите...

**Предлог заклучок:** Да се извести Завод и Музеј - Охрид за дополнување на условите со коментари и забелешки од Комисијата и Стручниот тим. Сите присутни на Седницата се согласија со предлогот на Претседателот.

**РАЗНО**

Крсте предложи во рамките на состаноците, бидејќи траат долго и се интензивни, исцрпуваат да се прават паузи.

Христијан Ѓоргиевски предложи следната седница да се одржи во Општина Охрид, општината се согласила да обезбеди простор.

Претседателот истакна дека членовите треба добро да ги разгледаат Стратегиите пред следната седница за да можат сите да го искажат своето мислење.

Претседател на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион,
м-р Зоран Павлов,

Изготвил: И.Дамовска

Скопје, 01.април 2022 год.